Архивски број: 04-185/59

Датум : 05.08.2025

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 8 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, член 23 точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), а во врска со Јавниот оглас бр. 01/2025, В.Д. Директорот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор по пат на Јавен оглас

1.По Јавниот оглас број 01/2025 за вработување на неопределено време на 10 (десет) извршители во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", за работното место под реден број 3. **Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор**, звање на работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ-дефектолог во Службата за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел- Центар за поддршка на згрижувачки семејства во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола од предложената ранг- листа се избира следниот кандидат:

1. Елена Нојкова Видановска.

2.Избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе заснова работен однос во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола со потпишување на Договор за вработување, по конечноста на Одлуката за избор.

3.Одлуката за избор ќе биде објавена на огласна табла на Установата и на веб страницата на Установата(domazadoencinjabitola.mk).

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" беше објавен Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на неопределено време на 10 (десет) извршители во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола и тоа ден 28.07.2025 година и траеше три работни дена.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

Како дел од работните места за кои се објави Јавниот оглас беше и работното место Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, звање на работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ-дефектолог во Службата за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел- Центар за поддршка на згрижувачки семејства, за еден извршител.

Со Решение број 04-185/24 од 30.07.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување за спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас која се состои од две фази:
-административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
-интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција бр.04-185/33 од 01.08.2025 година, утврдено е дека е пристигната една пријава за вработување на работно место Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор и тоа од гореименуваната, која ги исполнува општите и посебните услови од Јавниот оглас и истата е поканета на интервју на ден 04.08.2025 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведеното интервју бр. 04-185/49 од 04.08.2025 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор бр.04-185/52 од 04.08.2025 година и истите ги достави до В.Д. Директорот, да изврши избор.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр.04-185/33 од 01.08.2025 година, Записникот од спроведеното интервју бр. 04-185/49 од 04.08.2025 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор бр.04-185/52 од 04.08.2025 година од Комисијата за селекција за вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Горенаведениот кандидат ќе заснива работен однос на неопределено време во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, по конечноста на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот може да изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола
В.Д. Директор
Биљана Анастасова